РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-493/2
22-02-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 7 в.в 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на продолжението на 46 та седница одржана на ден 19.02.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

Се констатира прекршок на забраната од член 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на службеното лице ------, Генерален директор и член на Управниот одбор на ---------.

Да се поведе прекршочна постапка против службеното лице ---------, согласно член 105 став 1, алинеја 7 в.в член од 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Образложение**

На ден 01.12.2020 година со Одлука на Надзорниот одбор на ----------, лицето ---------- е избрано за член на Управниот одбор и Генерален директор на ---------.

Претходно, наведеното лице било избрано со мандат од пет години, со Одлука на Собранието на Република Македонија бр.08 - 3994/1 од 26.06.2018, објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 118/18.) за член на -----------, за која функција поднесува Анкетен лист за престанок од 26.11.2020 година.

При вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија утврди повреда на член 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ----------.

Согласно член 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*(2) Службеното лице во рок* ***од две години*** *по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:*

***- да врши работи на управување*** *или ревизија* ***во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.***

Според овој член, поранешниот член на --------, ------------ во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности во -----------, **не може да врши работи на управување**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

**во правното лице** --------- со оглед на надзорната функција која ја има РКЕ---------- врз овие тела, утврдена во член 206 став 4 од од Законот за енергетика според кој:

*(4) Регулаторната комисија за енергетика врши надзор над работењето на вршителите на регулирани енергетски дејности како и на вршителите на енергетски дејносости на коишто им е наметната обврска за обезбедување на универзална односно јавна услуга, во согласност со овој закон.*

Врз основа на член 114 став 3 од од Законост за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1, алинеја 7 од истиот закон.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок на ДКСК:
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: Г.Т. – член на ДКСК